ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ГЛАВНА УПРАВА НА АРХИВИТЕ
ПРИ МИНИСТЕРСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА БУГАРИЈА

# РЕВОЛУЦИОНЕРНИТЕ БОРБИ ВО ТИКВЕШИЈАТА

## СПОМЕНИ И МАТЕРИЈАЛИ

КНИГА 1



јас ја превртував плунката во устата, потоа ја голтав и така си замислував дека пијам млеко. Кога баба ми не водеше мене и брат ми некаде на вечера или ручек - по повод некој празник, слава или свадба - таа по патот постојано ни повторуваше да јадеме повеќе, зашто утре нема да има.

Во училиштето не учев добро. Можеби поради недостиг од учебници, а можеби и поради невнимавање на часовите. Со задоволство одев на училиште само кога бев во забавиште. Учителка ми беше Александра Христова, моја далечна тетка. Кон мене таа се однесуваше добро и ме галеше по косата. Еднаш покажа и голема доверба во мене. Се случи така што некој во одделението безгласно се испушти и целата училница замириса. Учителката се изнервира и се закани дека ке го казни причинителот на смрдеата. Бидејки сите молчеа, учителката ми нареди јас да станам и секој поединечно да го помирисам одзади, за да го откријам виновникот. Сериозен и важен, јас ја прошетав целата училница, душкав внимателно со носот, но ништо не открив. Кутрата тетка Александра, ако ѝ текнеше да му нареди на некој мене да ме помириса, тогаш виновникот немаше да остане неоткриен. Во осмолетката ми одеше подобро, но по успех бев среден ученик.

## Последното бугарско училиште во Македонија

6 февруари 1973 г.

Во текот на Балканската војна беше затворена Бугарската духовна семинарија во Цариград, во која јас бев ученик во трети клас (денешен десетти клас). Се вратив во Кавадарци кај родителите. Уште во првите денови ја почувствував вознемиреноста и разочараноста на кавадарчани. Ја очекувале бугарската војска, а дошла српската, со српска администрација, која не ја криела својата омраза кон нив, нарекувајќи ги "бугараши". Се заканувале дека ќе ги затворат бугарските училишта и ќе ги заменат со српски. И тоа во Тиквешијата (ги опфаќа градовите Неготино и Кавадарци и над 90 села), каде што никогаш не може да проникне ни српска, ни грчка пропаганда. Една стара турска поговорка, која беше запишана и пренесена од германскиот научник Гризебах, гласеше: турски најдобро се зборува во Цариград, албански во Елбасан, грчки во Јанина, а бугарски во Тиквеш.

Во почетокот на учебната 1912 - 1913 год . архијерејскиот наместник, свештеникот Григор Лазаров, по селата испрати бугарски учители . Меѓу нив бев и јас . Мене ме назначија за учител во с. Шешково, кое се наоѓа на левиот брег на реката Црна, оддалечено околу три часа

од Кавадарци, сместено во подножјето на Селечка Планина. Мојата радост дека ќе станам бугарски учител беше неопислива, ќе станам просветен работник.

Еден пазарен ден, заедно со шешковчани, тргнавме кон селото. Пристигнавме доцна вечерта. По препорака на мојот дедо Коцо се сместив на стан кај еден негов стар пријател, дедо Сокол, со кого на млади години биле соборци на Црне-војвода.

Утредента ме одведоа во училиштето кое претставуваше една поголема просторија, во која се влегуваше по камени скали. Внатре беа подредени клупите за учениците, на ѕидот беше закачена црна табла, а пред неа маса и стол за учителот. Почнаа да доаѓаат деца, некои од нив и со своите родители. Ги запишував во дневникот, останат од претходната година. Учениците ги сместив на клупите по одделенија, прво одделение најнапред, на крај за четвртото одделение имаше 4-5 души. Подоцна дојдоа и тие од забавиште. Сè на сè, се собраа околу 30 деца, од кои повеќето беа момчиња. Во текот на летото имав и еден интересен случај. Една мајка го донесе своето детенце, повиено во пелени, да го причувам додека таа да се врати од нивата. Му благодарам на Бога што тоа не се повтори.

Првиот час започна во присуство на некои родители, кои беа љубопитни да видат каков учител сум. Мојата задача беше тешка. Малкумина имаа учебници, останати од порано. Започнав со запознавање на буквите и букварите за прво одделение, со читанките и сметалките за второ и со другите предмети за погорните одделенија. За подобро да ги искористам часовите, им наредував на учениците од погорните одделенија да им помагаат на тие од подолните. Часовите по историја и запознавање на општеството ги слушаа учениците од сите одделенија. При предавањето застанував на одредени моменти од бугарската историја, им раскажував за Софија, која ја разгледав при моето враќање од Цариград во Кавадарци. Се покажа дека учениците од трето и четврто одделение знаеја по нешто за бугарските цареви Борис, Симеон, Самуил. За нив им зборувал мојот претходник.

Кога беше убаво времето, децата ги водев на прошетка во гората, игравме разни игри и се качувавме по пештерите. Во една пештера стигнавме со голема мака и кога влеговме внатре, излетаа јато диви гулаби. Меранеше селото. Родителите на учениците сами одредуваа кога и кај кого да отидам. Секое семејство се трудеше да ме пречека со богата гозба, баница со кисело млеко, ориз со свинско или кокошкино месо, качамак со пршки и др. Бев галениче на селото. Ме канеа на свадби и ме учеа да ги играм нивните ора. За големи праз-

ници во црквата службата ја одржуваше свештеникот Тодор, кој доаѓаше од с. Ресава. Јас бев негов пејач во црквата. Иако бев семинарист, не го знаев добро црковниот ред на службата, а и мојот глас не беше за пејач. Попот Тодор доаѓаше во сабота навечер и ме учеше како да пеам,фалејќи ме пред селаните дека сум голем "пеач", кој учел во "Стамбол". А јас, од моја страна, го фалев него дека таков свештеник и во Стамбол не сум сретнал. По секоја црковна служба јас држев кратка проповед, поврзана со она што е прочитано од Евангелието.

Двапати си одев дома во Кавадарци и се јавував кај архијерејскиот наместник за да му соопштам како оди учењето. Вториот пат тој ми соопшти една вознемирувачка вест, дека српска чета поминувала низ селата и ги прогонувала учителите, а оние што се спротивставувале биле претепувани од ќотек. Ми рече да внимавам и ако ме "нагазат", да не се противам или да бегам. "Тоа е - вели - привремена ситуација. Нашата војска не може а да не дојде". Не помина долго време кога еден ден, откако бевме завршиле со часовите и се прибрав во собата, дотрча исплашена газдарицата за да ми каже дека во селото пристигнала српска чета и прашувала каде е учителот. Кога погледнав надвор, четата веќе влегуваше во дворот. Немаше каде да се бега, а јас не сакав да ме фатат. Зедов од подот една рогозина и ѝ реков на газдарицата да ме завие во неа. Така завиткан, се сместив во блискиот агол, а на жената ѝ реков - ако ме побараат да каже дека сум отишол в град. По малку време вратата се отвори и слушнав како на српски ја прашуваат каде е учителот. Газдарицата мирно им одговори дека учителот одамна си заминал за Кавадарци и веќе не се вратил. Прашаа и каде е училиштето. Таа им одговори дека се наоѓа отспротива во една соба, но собата е заклучена затоа што во неа не се учи. Се исплашив многу и за мене, ако ме фатеа завиткан во рогозината, и за жената, затоа што ме криеше. Но сè заврши добро. Четата излезе. По неколку минути газдарицата се врати, ја одвитка рогозината со зборовите: "Си отидоа, поганците!"

Се чудев дали да ставам клуч на училиштето или да ја завршам учебната година. Беше месец април. Остануваше уште еден месец. Решив да останам. Ги продолжив часовите и се подготвував за свеченото дочекување на празникот "Кирил и Методиј", кога традиционално се спроведува и училишниот испит. Еден ден пред празникот на гости ми дојде мојот братучед Христо Поп Лазаров, кој претходно го бев поканил. Пред селаните го претставив како училиштен инспектор, кој дошол да присуствува на испитот. Христо не беше никаков инспектор, но со своето однесување и зборување вдахнуваше доверба и респект, па помина како вистински инспектор, инаку тој веќе имаше за-

вршено гимназија и беше две години постар од мене. Неговото присуство му даваше голема свеченот на испитот. Со него се договоривме тој да ги испрашува учениците на прашања што беа подготвени од мене и одбележани во списокот. За тие прашања ги имав подготвено и учениците.

На денот на празникот училиштето беше украсено со зеленило, беше украсена и иконата на првоапостолите Кирил и Методиј, која беше донесена од црквата, а дворот беше чисто изметен. Децата, празнично облечени, изнаседнаа по клупите, кои беа изнесени надвор, по одделенија. Целото село беше излезено да види како ќе помине испитот. Јас и "инспекторот" седевме на една маса, покриена со чаршав. Свеченоста ја отворив со краток говор за значењето на празникот, а потоа започна испитот. "Инспекторот" ги викаше учениците еден по еден и ги испрашуваше по прашањата што беа одбележани во списокот. Одговорите на децата беа пречекани со видливо задоволство од страна на селаните. По завршувањето на испитот, со мојот гостин бевме поканети на ручек кај моите газди, откако се најадовме, си тргнавме за Кавадарци.

Тоа беше последното бугарско училиште во Македонија,кое постоеше до крајот на учебната 1912/1913 год. За таа моја служба како учител, од архијерејскиот наместник во Кавадарци добив уверение за едногодишен работен стаж, кое беше првиот документ при моето пензионирање.

Доживувањето со моето завиткување во рогозина и доаѓањето на српската чета во с. Шешково да ме бара и протера како бугарски учител веќе одамна беше избледнеало во моето сеќавање. За тој настан при еден весел разговор ме потсети поранешниот претседател на Народното собрание на СР Македонија Никола Минчев, чиј татко, Борис Минчев, стар егзархиски учител, беше мој кум. Тоа се случи во текот на 1946 година, кога бев во Скопје како претставник на Сојузот на македонските културно-просветни друштва на Бугарија. На Никола Минчев му раскажувале шешковци кога како партизан се движел по тие места.

*ЦДА, ф. 1887 к, оӣ. 2, необрабоӣен. Коӣија. Машиноӣис.*